**20230791510**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 10 април 2023 година.

Бр. 08-2235/1
10 април 2023 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 180/19, 275/19, 31/20, 267/20 и 67/22), во член 164-б став (1) во алинејата 1 бројот „540“ се заменува со бројот „218“, а бројот „716“ се заменува со бројот „393“.

Во алинејата 2 бројот „430“ се заменува со бројот „108“, а бројот „540“ се заменува со бројот „217“.

Во алинејата 3 бројот „300“ се заменува со бројот „1“, а бројот „400“ се заменува со бројот „77“.

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Дел на платата од ставот (1) на овој член е и минималната плата, која министерот за труд и социјална политика ја објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ согласно со закон.“.

Ставот (2) кој станува став (3) се менува и гласи:

„(3) Делот на плата за работниот стаж на административниот службеник се вреднува во износ од 0,5% од збирот на делот на плата пресметана според бодови по категории од ставот (1) на овој член и минималната плата, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.“.

Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (4) и (5).

Член 2

Одредбите од членот 1 од овој закон, со кој во членот 164-б се менуваат став (1) алинеите 1, 2 и 3 и став (2) кој станува став (3) и се додава нов став (2), ќе започнат да се применуваат со исплатата на мартовската плата во месец април 2022 година.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.